**ОБСЕ - Канцеларија за демократски институции и човекови права**
**Набљудувачка мисија за избори**
**поранешна југословенска Република Македонија**
**Предвремени парламентарни избори, 11 декември 2016**

# ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ
**3 – 21 ноември 2016**

**25 ноември 2016**

## I. КРАТОК ОСВРТ

- По политичка криза која трае веќе две години, главните политички сили се договорија да го распуштат Собранието по втор пат годинава. Предвремени парламентарни избори се распишани за 11 декември. На 3 ноември, Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОБСЕ/ОДИХР) воспостави Набљудувачка мисија за избори (НМИ) за набљудување на овие избори.

- Изборната правна рамка беше значително изменета во 2015 година. Дополнителните промени во 2016 година воведоа времени механизми за политички надзор на изборниот процес, вклучително и барање за граѓаните со „сомнителни“ податоци во избирачкиот список активно да се регистрираат за овие избори, како и формирање на Привремена комисија за надзор на медиуми.

- Официјалните седници на Државната изборна комисија (ДИК) досега беа отворени за набљудувачите и медиумите. Меѓутоа, ДИК често одржуваше и затворени работни седници на кои предмет на дискусија беа суштински прашања. Најголемиот дел од Општинските изборни комисии се оперативни и подготовките за изборите се во тек, иако некои од нив се соочуваат со недостаток од соодветни простории и опрема. Впечатокот е дека изборната администрација ги почитува одредбите за правична застапеност на етничките групи и половите.

- Бројот на прелиминарно регистрирани гласачи за овие избори е 1.784.524. Поради изразената недоверба во точноста на избирачкиот список на претходните избори, ДИК ја доби задачата за одржување на избирачкиот список. Таа го прегледа списокот преку вкрстена проверка на различни бази на податоци, како и со спроведување на теренски проверки. Согласно мандатот кој ѝ е даден на Комисијата со новите измени и дополнувања на Изборниот законик, ДИК избриша 28.341 гласови од списокот кои не се пререгистрирале. И покрај некои критики во однос на теренските проверки, голем број соговорници на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР сметаат дека довербата на јавноста во избирачкиот список е зголемена, бидејќи досегашниот процес на проверка резултирал со ограничен број барања за корекции.

- ДИК одобри 20.629 апликации за гласање во странство. Голем број од апликациите беа поднесени од иста адреса на електронска пошта. Некои политички партии ѝ соопштија на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека им помагале на гласачите во пополнувањето на нивните апликации.

- ДИК регистрираше, на генерално инклузивен начин, 58 кандидатски листи поднесени од страна на 6 политички партии и 5 коалиции. Барањето за 40-процентна родова застапеност на листите е испочитувано. Листите на двата главни учесници во изборниот процес вклучуваат претставници од помалите етнички заедници, некои со добри изгледи за

победа. Неколку опозициски партии ја најавија намерата дека ќе бараат гласови од заедницата на етничките Албанци.

- Повеќето политички партии започнаа со мобилизирање на своите избирачки тела пред почетокот на официјалната кампања на 21 ноември. Предизборната атмосфера е генерално мирна, со забележани мал број на изолирани инциденти. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР беше известена за случаи на наводни притисоци врз вработените во јавната администрација да поддржат одредена политичка партија.

- Јавните медиуми се обврзани рамномерно да известуваат за сите изборни кандидати, да отстапат простор за бесплатно емитување и да организираат дебати. Значителните медиумски реформи предвидени со Пржинскиот договор сè уште не се договорени. Соговорниците на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР изразија загриженост за широко застапената самоцензура како резултат на политичкиот притисок врз медиумите и случаите на провокации и вербални напади врз новинарите. На 7 ноември, НМИ на ОБСЕ/ОДИХР започна со квалитативно и квантитативно следење на медиумите.

- Две истакнати граѓански организации, МОСТ и ЦИВИЛ, ги набљудуваат овие избори. МОСТ планира да спроведе и паралелно сумирање на гласовите.

## II. ВОВЕД

На официјална покана, Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОБСЕ/ОДИХР) на 3 ноември воспостави Набљудувачка мисија за избори (НМИ) за набљудување на предвремените парламентарни избори на 11 декември.[1] НМИ, на чело со Тана де Зулуета, ја сочинува главен тим од 14 члена, со седиште во Скопје, и 20 долгорочни набљудувачи (ДН) кои беа распоредени низ целата земја на 9 ноември. Членовите на Мисијата се избрани од 22 земји-учеснички на ОБСЕ. Од земјите-учеснички беше побарано да испратат 300 краткорочни набљудувачи (КН) за набљудување на дејствијата на денот на изборите.

## III. ПОЗАДИНА И ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

По предвремените парламентарни избори во 2014 година, шест политички партии и коалиции влегоа во составот на Собранието, по што беше формирана Влада од страна на Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) со 61 пратеник и Демократската унија за интеграција (ДУИ) со 19 пратеници. Опозицијата ја сочинуваа Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), со 34 пратеници, и Демократската партија на Албанците (ДПА), со 7 пратеници. Националната демократска преродба и Граѓанската опција за Македонија (ГРОМ) имаа по еден пратеник.

Опозицијата тврдеше дека изборите од 2014 година не се легитимни и реши привремено да ја бојкотира работата на Собранието. Политичката криза се влоши во февруари 2015 година, со т.н. „скандал со прислушување“ кога беа објавени компромитирачки прислушкувани разговори, кои наводно укажуваат на вмешаност од страна на владини и јавни службеници во корупција, изборна измама и злоупотреба на власта, што доведе до серија масовни протести.

---

[1] Види претходни извештаи на ОБСЕ/ОДИХР за поранешната Југословенска Република Македонија.

На 2 јуни, како дел од Пржинскиот договор, предвремени парламентарни избори беа првично распишани за 24 април 2016 година.[2]

Изборите беа подоцна одложени за 5 јуни со образложение дека не се исполнети клучните услови, имено прочистување на избирачкиот список, реформи во медиумите и одвојување на партиските од државните активности. Пред закажаните избори, опозицијата најави бојкот и, од четирите потписници на Пржинскиот договор, само ВМРО-ДПНМЕ поднесе кандидатски листи. На 25 мај, Уставниот суд го прогласи распуштањето на Собранието за неуставно и изборите закажани за 5 јуни беа откажани.

На 20 јули, со посредство на Европската Унија и Соединетите Држави, четирите главни политички партии постигнаа нов договор.[3] Во него беа нагласени два услови за одржување избори: подобрување на точноста на гласачкиот список и јакнење на правната рамка за медиумите. На 31 август, четирите партии најавија дека се исполнети условите за „кредибилни избори“ и изборите беа закажани за 11 декември. На 17 октомври, по двегодишна политичка криза, Собранието беше распуштено по втор пат годинава.

## IV. ИЗБОРЕН СИСТЕМ И ПРАВНА РАМКА

Од 120 до 123 пратеници во Собранието ќе се избираат со четиригодишен мандат според пропорционалниот изборен модел со затворени листи. Дваесет пратеници ќе се избираат во секоја од 6-те изборни единици во земјата, додека до три пратеници може да се избираат од една изборна единица надвор од земјата.[4] Изборниот законик дозволува отстапувања од до пет проценти од вкупниот број на регистрирани гласачи во изборните единици во земјата. На 25 октомври, партијата Унитети го оспори одржувањето на изборите пред Уставниот суд со образложение дека во изборната единица 6 има отстапување од 5,65%. Судот сè уште не одлучил по ова прашање.

Парламентарните избори се регулирани со голем број правни документи, меѓу кои Уставот, Изборниот законик, Законот за политички партии, Законот за финансирање на политички партии, одредби од Кривичниот законик, Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и прописи усвоени од страна на Државната изборна комисија (ДИК).

Правната рамка беше значително изменета во 2015 година како резултат на Пржинскиот договор. Заедничкото мислење на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската конвенција на Советот на Европа за Изборниот законик од 2016 година заклучи дека многу од претходните препораки се исполнети, особено оние кои се однесуваат на начелото на еднаквост на гласот при гласањето во странство, составот и надлежностите на ДИК, еднакви услови за застапеност во медиумите во текот на изборниот период, зајакнување на известувањето за финансирањето на партиите и изборните кампањи и ревизијата, подобрување на механизмите на заштита за одвојување на

---

2 Пржинскиот договор и последователниот Протокол од 15 јули беа потпишани од страна на четирите парламентарни групи (ДПА, ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ) и налага спроведување на сеопфатни мерки за решавање на политичката криза, вклучувајќи ги и изборните и медиумските реформи.

3 Види Договор од 20 јули .

4 За да биде избран, листата на првиот кандидат треба да добие ист број на гласови како и пратеникот избран со најмал број гласови од изборна единица во земјата на претходните избори; за претстојните избори тој број е 6.478 гласови. За да бидат избрани вториот и третиот кандидат , нивните листи треба да освојат двојно повеќе односно тројно повеќе гласови, соодветно.

државата од партијата и воведување рокови за судовите да одлучуваат за изборни спорови.[5] Меѓутоа, во него се препорачува Изборниот законик целосно да биде прегледан заради негово внатрешно усогласување и усогласување со други релевантни закони, додека некои долготрајни проблеми треба дополнително да се разгледаат, како оние кои се однесуваат на регистрација на кандидати и водење кампања. Дополнителните промени на Изборниот законик во јули 2016 година вклучуваат одредби применливи само на претстојните избори. Тие вклучуваат формирање Привремена комисија за надзор на медиуми и барање за граѓаните со „сомнителни" податоци во избирачкиот список активно да се регистрираат за овие избори.

## V. ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Изборите се спроведуваат од страна на Државната изборна комисија (ДИК), 80 Општински изборни комисии (ОИК) и 3.480 Избирачки одбори (ИО). Дополнителни 46 ИО се воспоставуваат во дипломатско-конзуларни претставништва за гласање надвор од земјата.

ДИК е составена од девет члена: тројца назначени од владејачките партии; тројца од опозициските партии и тројца независни експерти избрани по пат на јавен оглас. Претседателот и заменикот се избираат од редовите на непартиските членови. ДИК ангажираше привремен правен и ИТ персонал назначен од четирите политички партии. Работата на ДИК е поддржана од 34 постојани регионални канцеларии.[6]

ОИК се составени од пет члена, избрани по случаен избор од страна на ДИК, од редовите на вработените во државната и општинската администрација. Додека повеќето ОИК се оперативни и подготовките за изборите се во тек, некои од нив се соочуваат со недостаток од соодветни простории и опрема.[7] ИО се составени од пет члена – тројца по случаен избор од редовите на вработените во јавната администрација и два члена – именувани од главните владејачки и опозициски партии.

Изборниот законик овозможува правична застапеност на етничките групи и на половите во телата на изборната администрација. Впечатокот е дека овие барања се исполнети од страна на ОИК и ИО.[8] Од деветте члена на ДИК, две се жени и тројца се припадници на албанската националност.

Официјалните седници на ДИК беа отворени за набљудувачите и медиумите. Меѓутоа, ДИК одржуваше и затворени работни сесии на кои дискутираше за суштински прашања по кои треба да се одлучува на јавни седници. Одлуките на ДИК беа главно усвоени едногласно, иако членовите често влегуваа во долги процедурални дискусии.[9] Одлуките беа навремено објавувани на веб-страницата на ДИК. Обврската за јавно објавување на записниците од седниците на ДИК во рок од 48 часа не се почитуваше доследно.[10]

---

5 Види Заедничко мислење на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската конвенција на Советот на Европа за Изборниот законик на поранешна Југословенска Република Македонија, Мислење бр. ELE-MKD/292/2016.

6 Дополнителни 17 привремени канцеларии работеа до 11 ноември главно за регистрација на гласачи.

7 Како што забележа НМИ на ОБСЕ/ОДИХР во Ново Село, Оризари, Куманово, Тетово, Теарце, Гостивар, Врапчиште, Маврово, Јегуновце, Желино, Брвеница, Боговиње и Кратово.

8 Во општините во кои етничките заедници претставуваат најмалку 20 проценти од вкупната популација, тие треба да бидат застапени во ОИК и ИО.

9 Правилникот на ДИК од 2006 година не го уредува начинот на организирање на седниците и предвидува единствено дека претседавачот на ДИК може да ја прекине дискусијата кога ќе процени дека темата е исцрпена.

10 Последниот објавен записник заклучно со 21 ноември е со датум од 7 ноември.

ДИК подготви материјали за обука за ОИК и ИО. Обуки за ИОК беа организирани во јуни и јули, а во тек е втората рунда на обуки. Обуката која ја набљудуваше НМИ на ОБСЕ/ОДИХР беше позитивно оценета од страна на учесниците и граѓанското општество.

## VI. РЕГИСТРАЦИЈА НА ГЛАСАЧИ

Сите граѓани со наполнети 18 години живот имаат право на глас, освен ако тоа не им е одземено со правосилна судска одлука. Регистрирањето на гласачите е пасивно, со исклучок на гласачите кои привремено престојуваат во странство, кои мора да се регистрираат активно. Избирачките права се дадени на лица кои имаат постојано живеалиште во земјата, и кои поседуваат валидна лична карта или пасош. ДИК ја има одговорноста за одржување на избирачкиот список врз основа на податоци извлечени од матичната евиденција на граѓаните и регистрите на населението.[11] За овие избори, заклучно со 18 ноември, регистрирани се 1.784.524 гласачи, како и 20.629 гласачи во странство.

Долгогодишната недоверба во точноста на избирачкиот список беше присутна и на претходните избори, со обвинувања за разни нелегални записи на податоци. ДИК доби задача да го прегледа изборниот список преку вкрстена проверка на различни бази на податоци од 11 институции, како и со спроведување на теренски проверки кои беа набљудувани од четирите главни политички партии. На 26 април, ДИК извести за 44.308 гласачи заведени на адреси на кои постојат повеќе од 20 регистрирани гласачи или на кои се регистрирани гласачи со повеќе од 6 презимиња. По проверките на терен кои следуваа, од 39.502 гласачи со „сомнителна регистрација“ беше побарано активно да се пререгистрираат.[12] На 13 ноември, ДИК одлучи да избрише 28.341 гласач од списокот кои не се пререгистрирале. И покрај некои критики во однос на теренските проверки, голем број соговорници на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР сметаат дека довербата на јавноста во избирачкиот список е зголемена, бидејќи досегашниот процес на проверка резултирал со ограничен број барања за корекции.

Гласачите може да побараат регистрација или промена на податоците во Изборниот список во регионалните канцеларии на ДИК во текот на целата година. Во изборните години, гласачите можат исто така да ги проверат нивните податоци во текот на периодот за јавниот увид (годинава тој период беше од 28 октомври до 11 ноември). И покрај законската одредба, регионалните канцеларии на ДИК не прикажаа отпечатени избирачки списоци, па гласачите можеа да ги проверат своите лични податоци само на компјутерите во канцелариите на ДИК или на интернет. Вкупно 10.274 гласачи ги посетиле канцелариите на ДИК, иако бројот на побарани корекции беше низок.[13] ДИК ги извести гласачите за резултатите од нивните барања единствено преку електронска пошта, како што е законски предвидено. Како резултат, гласачите кои немаа адреса на електронска пошта не беа известени.

---

11 Проверката на податоците која ја побара ДИК беше во најголем дел спроведена од Министерството за внатрешни работи (МВР) кое го води Регистарот на населението.

12 На 4 август, БЕСА поднесе жалба пред Уставниот суд против уставноста на новиот член 169.б од Изборниот законик со кој на ДИК ѝ се дозволува да ги избрише таквите гласачи од гласачкиот список. Судот ја отфрли жалбата, но одлуката сè уште не е објавена во Службен весник.

13 176 барања за промена на податоци, 88 за додавање на списокот и 71 за бришење поради погрешна адреса или смрт.

По истекот на периодот на јавен увид, ДИК има обврска да достави копии од прелиминарните избирачки списоци до учесниците во изборниот процес. Тоа беше сторено со задоцнување од два дена поради внатрешни несогласувања околу форматот на податоците. Учесниците во изборниот процес може да побараат корекции најдоцна до 23 ноември.

ДИК одобри 20.629 од 21.029 апликации за гласање во странство.[14] Голем број апликации беа поднесени од иста адреса на електронска пошта. Некои од политичките партии ја известија НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека им помагале на гласачите во пополнувањето на апликациите. Во апликациите на интернет гласачите требаше да се изјаснат за нивната етничка припадност, што, според ДИК, било неопходно заради печатење на изборните материјали на јазиците на малцинствата.[15] Гласачите кои не се регистрирале може да гласаат во земјата на гласачкото место на последната адреса на живеење.

## VII. РЕГИСТРАЦИЈА НА КАНДИДАТИ

Секој што има право на глас може да биде кандидат, освен оние кои биле осудени со правосилна судска одлука на повеќе од шест месеци затвор и кои нецелосно ја отслужиле казната. Законот, исто така, определува низа владини позиции и позиции поврзани со владата кои се неспоиви со кандидатурата.

Кандидатите може да бидат номинирани од страна на политичките партии, коалиции на политички партии, или од група на избирачи. Кандидатските листи поднесени од страна на група избирачи треба да обезбедат најмалку 1.000 потписи, со поддршка од гласачи кои живеат во соодветната изборна единица. Согласно претходната препорака на ОБСЕ/ОДИХР, избирачот сега може да ја даде својата поддршка на повеќе од еден кандидат, меѓутоа, потписите мора да се собираат пред регионалните претставници на ДИК.

Регистрацијата на кандидатите беше генерално инклузивна. До истекот на законскиот рок на 11 ноември, ДИК регистрираше 6 политички партии и 5 коалиции со вкупно 1.092 кандидати на 58 листи.[16] Согласно зголемената квота за поголема застапеност на жените, 41 процент од кандидатите се жени, иако само четири жени се на врвот на листите.[17]

## VIII. ИЗБОРНА КАМПАЊА И ФИНАНСИРАЊЕ НА КАМПАЊАТА

Официјално, изборната кампања ќе започне на 21 ноември, и ќе заврши 24 часа пред денот на изборите. Поголемиот дел од политичките партии, меѓутоа, започнаа со мобилизирање на своите гласачи и пред почетокот на овој период, преку организирање настани и воспоставување

---

14 Според ДИК, 76.721 граѓани се регистрирани дека живеат во странство во периодот кога се изготвува овој извештај.

15 Изборните материјали, вклучувајќи ги и гласачките ливчиња, треба да бидат достапни на сите шест официјално признаени јазици на малцинствата. Во изборните единици во кои 20 проценти од граѓаните зборуваат еден од тие јазици, кандидатските листи може да бидат поднесени и на тој јазик.

16 Коалицијата „За подобра Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ вклучува 25 партии, а коалицијата предводена од СДСМ вклучува 15. Другите коалиции се Алијанса за Албанците (ДПА – Движење за реформи, *Унитети* и НДР), Коалицијата за промена и правда (Демократска унија, ФРОДЕМ, МОРО – Работничка партија и ДЕМОС) и ВМРО – Коалиција за Македонија (ВМРО-НП, Обединети за Македонија и *Достоинство*). Шесте регистрирани партии се ДУИ, ДПА, БЕСА, *Левица*, Партија за демократски просперитет (ПДП) и Либералната партија (ЛП). Повеќе од половина од 123 –те пратеници во заминување не се кандидираат на овие избори..

17 Тоа претставува зголемување на соодносот од 10 проценти во споредба со изборите во 2014 година. Секој трет и десетти кандидат мора да биде од редовите на помалку застапениот пол.

изборни штабови. Партиите ја известија НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека главните начини на кои тие ќе се обидат да им се приближат на гласачите во текот на изборната кампања е преку немасовни средби и кампањи од-врата-на-врата. Главните пораки на кампањата се однесуваат на економијата, вработувањето, правдата и емиграцијата на младите. Предизборната атмосфера е генерално мирна, со забележани мал број на изолирани инциденти.[18] НМИ на ОБСЕ/ОДИХР беше известена за случаи на наводни притисоци врз вработените во јавната администрација да поддржат одредена политичка партија.[19]

Учесниците во изборниот процес се должни да регистрираат единствен даночен број и да отворат наменска сметка за целите на финансирање на кампањата. Поединци може да донираат до 3.000 евра, додека правните лица може да донираат до 30.000 евра. Странски или анонимни донации, како и донации од организации во сопственост на државата, верски или добротворни организации, се забранети. Секој учесник на изборите не смее да потроши повеќе од 1.80 евра за регистриран гласач во одредена изборна единица. Секоја листа ќе добие надомест од 0.25 евра за добиен глас, под услов да добие најмалку 1.5 проценти од гласовите дадени во конкретната изборна единица.

Државниот завод за ревизија е примарно надлежен да врши надзор на финансирањето на кампањата. Учесниците во изборниот процес треба да поднесат два периодични извештаи и еден конечен извештај до ДИК, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупција. Сите извештаи треба да бидат објавени на веб-страницата на секоја од институциите.

## IX. МЕДИУМИ

Медиумската сцена вклучува 130 радио и телевизиски канали кои работат на релативно мал пазар и во услови на политичка и етничка поделеност на медиумските куќи. Телевизијата е најзначајниот медиум и извор на информации на околу 75 проценти од популацијата.[20] Многу соговорници на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР покажаа загриженост за доминантните провладини приватни радиодифузери, што има силно влијание врз рекламниот пазар. Широко застапената самоцензура која произлегува од политичкиот притисок врз медиумите, како и случаите на провоцирање и вербални напади врз новинари (особено од страна на владини службеници) се едни од прашањата за кои НМИ на ОБСЕ/ОДИХР ја изрази својата загриженост.

Медиумското покривање на изборите е регулирано со Изборниот законик. Значителните измени во 2015 година се однесуваат на рекламирањето финансирано од владата и известувањето за државни функционери кои поддржуваат одредени политички партии за време на изборите. Законот бара балансирано и рамномерно покривање за време на официјалната кампања и ги обврзува радиодифузерите и интернет порталите да известуваат на фер и непристрасен начин доколку ги покриваат изборите. Јавниот радиодифузер,

---

18 На 13 ноември,беше каменуван автомобилот на лидерот на ДУИ од страна на група локални жители во Куманово; на 7 ноември, беа искршени прозорците на новиот изборен штаб на СДСМ во Арачиново, како и на ВМРО-ДПМНЕ во Кавадарци на 18 ноември; на 9 ноември, беше запален автомобилот на претседателот на огранокот на ГРОМ во Струмица.

19 Наводно, вработените во јавната администрација во Битола примиле закани со отказ доколку не гласаат за ДУИ; во Охрид, извештаите за успешноста на работењето на вработените во јавната администрација се најавени за по изборите – надвор од редовниот циклус, што некои вработени го толкуваат како притисок од страна на ВМРО-ДПМНЕ; вработените во јавната администрација во Струмица биле принудени да присуствуваат на видео продукција на кампањата на СДСМ.

20 Според анализата спроведена од агенцијата „Market Vision" за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ) во 2015 година.

Македонската Радио и Телевизија (МРТ) е дополнително обврзана да отстапи простор за бесплатно емитување и да организира дебати. Политичко рекламирање е дозволено само во приватните медиуми. Парламентарните партии имаат право на поголема застапеност во вестите, бесплатното емитување и платеното рекламирање во споредба со другите учесници во изборниот процес.

Суштинските медиумски реформи предвидени во Пржинскиот договор сѐ уште не се договорени. Промените и дополнувањата на Изборниот законик од 2016 година во однос на медиумите се применливи единствено на претстојните избори. Главниот и одговорен уредник на МРТ беше назначен од опозицијата 100 дена пред овие избори. Надзорната улога на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ), која е регулаторно тело на радиодифузните медиуми и медиумското покривање на изборите, е заменета со Привремена комисија. Ова тело е составено од пет члена, четири од кои назначени од четирите главни политички партии и еден избран од тие четири члена, и има задача да го оцени медиумското покривање врз основа на редовни извештаи за следење на медиумите изготвени од АААВМУ. Заклучно со 21 ноември, Комисијата одлучи по неколку случаи на пристрасно покривање, скриена кампања од страна на владини функционери и владино рекламирање. Врз основа на препораките на Комисијата, АААВМУ проследи до основниот суд 14 иницијативи за прекршочни постапки, вклучувајќи шест предупредувања (МРТ, *Нова*, *Алфа, Сител*) и осум парични казни (*Алфа, Нова* и *Сител*). Досега судот одлучи по еден случај на Нова, односно го отфрли.

На 7 ноември, НМИ на ОБСЕ/ОДИХР започна со квалитативно и квантитативно медиумско следење на осум телевизиски канали и пет дневни весници.[21]

## X. ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ

ДИК постапува главно по граѓанските и управни спорови, додека Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупција постапуваат по приговори во врска со финансирање на кампањата и злоупотреба на административни ресурси, соодветно. Против нивните одлуки може да се поднесе жалба до Управниот суд. Основните судови постапуваат по изборни прекршоци, поради нивната криминална природа.

Социјалдемократската партија на Македонија и Граѓанското движење за Македонија поднесоа жалба до Управниот суд против одлуката на ДИК за отфрлање на нивните кандидатски листи. Судот ги разгледа овие предмети зад затворени врати и ги отфрли сите жалби како неосновани.[22] Сите одлуки се објавени на веб-страницата на судот.
ДИК усвои правилник за работа за постапување по приговори и жалби. Изготвен е електронски систем за управување со предмети и приговори, како што е пропишано со Изборниот законик, кој за прв пат ќе биде тестиран на овие избори. Досега, ДИК има добиено мал број на приговори.

---

21 Програмите емитувани во ударни термини на јавните ТВ канали МРТ -1 и МРТ-2 и приватните телевизии *Сител, Канал* 5, *Алфа, Телма* и *Алсат-М* (помеѓу 18:00 и 24:00) како и главните вести на *Вести 24* (кои се емитуваат во 20:00) секојдневно се следат, како и дневните весници: *Дневник, Коха, Лајм, Слободен печат* и *Вест.*

22 Според Уставот, судските рочишта и носењето пресуди се јавни. Јавноста може да биде исклучена единствено во случаи утврдени со закон. Изборниот законик го предвидува начелото на јавни рочишта кога се постапува по изборни прашања од ДИК или Државната комисија за спречување на корупција. Понатаму, Законот за судови утврдува дека постапките пред судовите треба да се темелат на начелото на јавност и транспарентност.

## XI. УЧЕСТВО НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

Меѓуетничките односи остануваат релевантен фактор во политиката во земјата, и политичките партии главно настојуваат да им се приближат на нивните заедници. Партиите кои ги претставуваат другите малцинства освен албанското го изразија своето незадоволство до НМИ на ОБСЕ/ОДИХР поради нивната исклученост од политичкиот процес од кој произлезе датумот за избори на 11 декември. Тие исто така изразија загриженост за фактот што изборниот систем не обезбедува механизми за промовирање на учество на националните малцинства, како што е резервиран или загарантиран број на пратеници во Собранието, што пак, ги принудува да се приклучуваат кон коалиции водени од партии кои ги претставуваат поголемите заедници. Загриженост до НМИ на ОБСЕ/ОДИХР беше изразена и за тоа што сите заедници не биле соодветно известени за списокот на спорни гласачи и потребата тие активно да се пререгистрираат.

Коалициите на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ во своите листи вклучија претставници од речиси сите помали заедници, некои од кои со добри изгледи за победа. СДСМ ја најави својата цел да бара гласови од заедницата на етнички Албанци. Изборниот битка е покомпетитивна во заедниците на етничките Албанци, каде коалицијата Алијанса за Албанците и БЕСА ја предизвикуваат доминантната позиција на ДУИ. И покрај првичните несогласувања, повеќето лидери на разни политички партии кои ја претставуваат ромската заедница одлучија да се приклучат кон коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ.

## XII. ГРАЃАНСКИ И МЕЃУНАРОДНИ НАБЉУДУВАЧИ

Изборниот законик пропишува набљудување на изборите од страна на меѓународни и граѓански набљудувачи. Овие избори ќе ги набљудуваат две истакнати граѓански организации: МОСТ има 80 долгорочни набљудувачи и ја најави намерата да ангажира околу 3.300 краткорочни набљудувачи, како и да спроведе паралелно сумирање на гласовите; ЦИВИЛ има 35 краткорочни набљудувачи, 10 мобилни тимови, и најави ангажирање на околу 300 краткорочни набљудувачи.

## XIII. АКТИВНОСТИ НА МИСИЈАТА

НМИ на ОБСЕ/ОДИХР ја започна својата работа во Скопје, на 3 ноември. Шефот на мисијата се сретна со Министерството за надворешни работи, ДИК, со претставници на политичките партии, медиумите, граѓанските организации, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и меѓународната заедница. [23] НМИ оствари контакти со чинителите во изборниот процес на сите нивоа. Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ) и Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ) планираат да распоредат делегации за набљудување на денот на изборите.

***Англиската верзија на овој извештај е единствениот официјален документ.***
***Неофицијален превод е достапен на македонски и на албански јазик.***

---

[23] НМИ на ОБСЕ/ОДИХР и Мисијата на ОБСЕ во Скопје функционираат одделно, согласно своите мандати.